**ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
*Ул.„Јаким Стојковски" бр.*12210 Пробиштип
*Тел.:**032/483-131**; факс:**032/483-047***
www.probistip.gov.mk info@probistip.gov.mk
***Одделение за урбанизам***

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
**Бр. 08– 416/6 од 14.05.2021 год.**
Пробиштип

Врз основа на член 50 од Законот за урбанистичко планирање („Сл.Весник на РСМ" бр.32/20 год.) и донесената Годишна програма за изработување на урбанистички планови на Општина Пробиштип за 2021 година со Одлука Број 26-928/16 од 30.11.2020 год., објавена во „Сл.Гласник" на Општина Пробиштип Бр.42/2020 год., донесена од страна на Советот на Општина Пробиштип, Градоначалникот на Општина Пробиштип ја донесе следната

# О Д Л У К А

## За спроведување на јавна презентација и јавна анкета по Предлог - Урбанистички план за вон населено место за изградба на Е1.13 –СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ И ПЛАНТАЖИ (3 фотоволтаични централи до 1MW моќност) на:КП.БР.2647, КП.БР.2632, КП.БР.2643, КП.БР.2642, КП.БР.2644, КП.БР.2639, КП.БР.2638, КП.БР.2604, КП.БР.2603, КП.БР.2602, КП.БР.2605 и КП.БР.2601 КО Добрево, Општина Пробиштип

### Член 1

Со оваа Одлука се организира Јавна презентација и јавна анкета по **Предлог - Урбанистички план вон населено место за изградба на Е1.13-Соларни и фотоволтаични електрани и плантажи (3 фотоволтаични централи до 1MW моќност) на: КП.БР.2647, КП.БР.2632, КП.БР.2643, КП.БР.2642, КП.БР.2644, КП.БР.2639, КП.БР.2638, КП.БР.2604, КП.БР.2603, КП.БР.2602, КП.БР.2605 и КП.БР.2601 КО Добрево, Општина Пробиштип**, со Тех.Број 127/2020 од мај 2021, изработен од Институт за урбанизам, сообраќај и екологија „ИН-ПУМА" Скопје.

### Член 2

Границата на конкретниот плански опфат е дефинирана со **Услови за планирање на просторот со Бр.УП 1-15 220/2021 од 17.02.2021год.** на следниот начин:

- На **север**: границите на КП Бр.2644, КП Бр.2642, КП Бр.2643, КП Бр.2632, КП Бр.2647 и КП Бр.2632;
- На **исток**: границите на КП Бр.2647, КП Бр.2632, КП Бр.2643, КП Бр.2642, КП Бр.2638, КП Бр.2604, КП Бр.2605;
- На **југ**: границите на КП Бр.2601,
- На **запад**: границите на КП Бр.2601, КП Бр.2602, КП Бр.2603, КП Бр.2604, КП Бр.2639, КП Бр.2642 и КП Бр.2644.

Предметниот опфат на УПВНМ за изградба на Е1.13- Соларни и фотоволтаични електрани и плантажи се наоѓа во рамничарско-ридски предел на надморска висина од 710-773м во општина Пробиштип, североисточно од градот.
Во границите на планскиот опфат планирани се 3 градежни парцели со следната класа на намена:

- Е-ИНФРАСТРУКТУРИ
  **-Е1.13-Соларни и фотоволтаични електрани и плантажи**

За градежните парцели со основна класа на намена Е1.13-Соларни и фотоволтаични електрани и плантажи до 1 MW моќност, не се планираат компатибилни класи на намена во однос на основната класа.
Вкупната површина на планскиот опфат во рамките на опишаните граници изнесува **П=4,32 ха**.
Истата површина ќе се применува при изработка на Урбанистичкиот план за вон населено место.

**Член 3**

Предлог - Урбанистички план вон населено место за изградба на Е1.13-Соларни и фотоволтаични електрани и плантажи (3 фотоволтаични централи до 1MW моќност) на: КП.БР.2647, КП.БР.2632, КП.БР.2643, КП.БР.2642, КП.БР.2644, КП.БР.2639, КП.БР.2638, КП.БР.2604, КП.БР.2603, КП.БР.2602, КП.БР.2605 и КП.БР.2601 КО Добрево, Општина Пробиштип, ќе биде ставен на јавен увид и проверка на заинтересираните физички и правни лица од подрачјето на планскиот опфат, подрачјата соседни на планскиот опфат, како и на широката јавност, преку доставување на повик до сите учесници во презентацијата и анкетата преку информацискиот систем ***e-urbanizam,*** со објавување на ***web*** страната на општината: ***www.probistip.gov.mk.*** и со огласување на печатени плакати и соопштенија во и околу подрачјето на планскиот опфат.

**Член 4**

Јавната презентација и јавна анкета со стручно презентирање на планот ќе се одржи на ден **03.06.2021 год.** (четврток) со почеток во **12.00** часот во салата на Советот на Општина Пробиштип, во Домот на културата во Пробиштип.

**Член 5**

Заради настанатата ситуација со COVID-19 во државата, органот надлежен за организирање и спроведување на Јавната презентација и јавна анкета е должен да обезбеди безбедни услови во просториите во кои се одржува јавната презентација и јавна анкета за урбанистичкиот план, да се запази минимум потребното растојание помеѓу лицата пред и внатре во објектот, да обезбеди спроведување на задолжителна дезинфекција на раце при влез во објектот и задолжително носење на заштитна маска, марама или шал со кои ќе бидат покриени устата и носот на учесниците во јавната презентација и јавна анкета.
Органот т.е. општината надлежна за спроведување на јавната презентација и јавна анкета за урбанистичкиот план е должна да постави соодветни ознаки со кои се обележува правецот на движење и запазување на минимум потребното растојание при чекање ред на учесниците во јавната презентација и јавна анкета.
Ознаките од став 2 на овој член се поставуваат на растојание од најмалку два метри, како и пред влезот на објектот.

**ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
*Ул.„Јаким Стојковски” бр.*12210 Пробиштип
*Тел.:032/483-131; факс:032/483-047*
*www.probistip.gov.mk info@probistip.gov.mk*
***Одделение за урбанизам***

Општината е должна пред и после одржувањето на јавната презентација и јавна анкета да изврши превентивна дезинфекција во објектите и просториите каде се одржува јавната презентација и јавна анкета.

**Член 6**

Јавната анкета ќе трае **30** (триесет) **дена** и во електронска и во писмена форма, секој работен ден од **7.30** до **15.30** часот во просториите на Одделението за Урбанизам при општина Пробиштип, во периодот од **19.05.2021 год.** до **17.06.2021 год.**, во кој период заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот можат да доставуваат забелешки, предлози и мислења на **анкетни листови** во писмена и електронска форма, кои можат да ги подигнат од Општинскиот услужен центар (шалтерот) во зградата на кино салата или во електронска форма преку информацискиот систем ***e-urbanizam*** и службената ***web*** страна на општината: ***www.probistip.gov.mk.***

**Член 7**

Графичкиот прилог од **Предлог - Урбанистичкиот план за вон населено место со основна класа на намена Е2-комунална супраструктура (фотоволтаична централа) во КО Бучиште: КП 1/1, 56, 57, 58, 45, 46, 102/11 и дел од КП 1/2, 2, 3, 5, 8, 10, 11, 12, 13, 33, 34, 35, 42, 55/2, 967, 968, КО Петршино: КП 1362/3, 1362/4, 1363/3, 1364/4, 1364/5 и дел од КП 1066, 1361/2, 1365/1,1490,1501, 1502, 1503, 1532, 1533 - Општина Пробиштип**, со Соопштението за организирање на јавна презентација и јавна анкета ке биде изложен на огласна табла пред влезот на Општинскиот услужен центар (шалтерот) во зградата на кино салата и на ***web*** страната на општината: ***www.probistip.gov.mk.***

**Член 8**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

Makedonski Telekom CA, Jordanka Dukoska
Digitally signed by Makedonski Telekom CA, Jordanka Dukoska
Date: 2021.05.18 09:56:36 +02'00'

Изготвил: Ј.Дукоска диа
Одобрил: Б.Станојковски дги

Makedonski Telekom CA, Branko Stanojkovski
Digitally signed by Makedonski Telekom CA, Branko Stanojkovski
Date: 2021.05.18 10:45:30 +02'00'

**м.п.**

ОПШТИНА ПРОБИШТИП
**Градоначалник**
Драган Анастасов

Makedonski Telekom CA, Dragan Anastasov
Digitally signed by Makedonski Telekom CA, Dragan Anastasov
Date: 2021.05.18 10:57:27 +02'00'